# ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКОТО ХЕРАЛДИЧКО ЗДРУЖЕНИЕ - 2003-2018

*Јован Јоновски*

Првичниот интерес кон хералдиката во Македонија се јави во периодот 1968-70 година а потоа следеше застој. Интересот за хералдика се зголеми во последните години на 20 век. Главни промотори на овој интерес се книгата "Грбовите на Македонија", од Александар Матковски и веб страницата "Хералдика во Македонија" од Јован Јоновски.

Книгата "Грбовите на Македонија", првпат е објавена 1970 година. Но нејзиното реиздание во 1990 година ќе остави длабока трага во македонското општество. Таа го обработува присуството на македонскиот грб во илирски грбовници. Истата за македонски грб го промовира златниот лав на црвена основа. Вториот промотор, веб страницата Хералдика во Македонија, опстојува од 2000 година и на неа се наоѓаа земскитгрбови но и територијални, корпоративни и лични грбови кои се користат во Македонија.

Постепено, околу овој сајт се собира група заинтересирани со мошне скромни хералдички познавања, но со голема љубов кон хералдиката, вексилологијата и фалеристиката. Така, на 15.7.2003 година беше основано Македонското Хералдичко Здружение, со цел да се подигне хералдичката свест преку популаризација на хералдиката, истражување на хералдичкото наследство во и поврзано со Македонија, изработка на грбови, знамиња, одликувања и оформување на хералдички регистар. За претседател и хералд е избран е Јован Јоновски, за потпретседател м-р Снежана Филипова и за секретар Петар Гајдов. Најголемиот дел од собирањата се користат како можност за дружење на членовите и скромна размена на информации околу хералдиката. Првата посериозна активност се случи во мај 2005 година на денот на музеите.

# THE HISTORY OF THE MACEDONIAN HERALDRY SOCIETY 2003-2018

*Jovan Jonovski*

The initial interest in heraldry in Macedonia appeared in the years 1968-70 but soon ceased. Reappearing again in the last years of the 20th century. The main promoters of this interest were the book "Coats of Arms of Macedonia" by Aleksandar Matkovski and the web pages "Heraldry in Macedonia" by Jovan Jonovski.

The book "Coat of Arms of Macedonia" was first published in 1970. But its reissue in 1990 left a deep trace in Macedonian society. The book deals with the presence of the Macedonian Land coat of arms in the Illyrian armorials, and promotes the Gules lion Or as Macedonian arms. The second promoter, the website Heraldry in Macedonia, has existed since 2000 and it has not only shown the Land coats of arms of Macedonia, but also territorial, corporate and personal coats of arms used in Macedonia.

Gradually, around this site, a group of interested people gathered. They were with very modest heraldic knowledge, but with great love for heraldry, vexillology and phaleristics. Thus, on July 15, 2003 the Macedonian Heraldry Society (MHS) was founded with aim to raise the heraldic awareness through the popularization of the heraldry, research of heraldic heritage in and related to Macedonia, designing coats of arms, flags, decorations and establishing a heraldic register. Jovan Jonovski was elected president and herald, Snezhana Filipova, MA as vice president, and Petar Gajdov as secretary. Most of the meetings were used as an opportunity to socialize and had modest exchange of information about heraldry. The first more serious activity occurred in May 2005 on the International Museum Day.

## ПРЕДАВАЊА

Првото собирање на здружението е на предавање на Андре Воицал од Франција во април 2004 година, а првата сопствена активност се случи во мај 2005 г. по повод Денот на Музеите. Во Музејот на Македонија се оддржа предавање "Чудесниот свет на хералдиката" и на истото беше  промовиран првиот број на Македонски хералд – гласникот на МХЗ во кој се објавуваат статии на македонски и на англиски јазик. Следниот настан е истостака предавање во Музеј на Македонија по повод денот на музеите во 2007 година кога е промовиран вториот број на Македонски хералд.

Во текот на 2007 – 8 година во соработката со Музејот на Македонија ќе бидат реализирани неколку предавања и работилници по хералдика, во координација на членот на МХЗ, Лена Анѓелкоска. Следуваат и нови гостувања: д-р Стојан Антонов од Пловдив, проф. д-р Војислав Иванишевиќ од Белград, проф. д-р Никос Чаусидис од Скопје и проф. д-р Иван Балта од Осијек. Покрај предавањата, и работилниците во Музејот на Македонија, се организира и соработка со студентската организација Егзодус од Скопје.

Во 2008 година ќе започнат и предавањата по изборниот предмет хералдика на Филозофскиот факултет, институт за историја на уметноста со археологија, кои ќе ги држи д-р Снежана Филипова.

Зголемувањето на активностите доведе денот на музеите во мај 2009 г да биде одбележан со предавање, нов број на Македонски Хералд и постојана поставка по хералдика на Македонија во Музејот на Македонија. Главен советник во прибирањето и одбирањето на материјалот е претседателот на МХЗ, м-р Јован Јоновски.

Предавањата и работилниците по хералдика во Музејот на Македонија, кои ги води Јоновски продолжуваат и во 2010 г. а во мај ќе бидат претставени и резултатите од сите три модула од предавањата и работилниците од проектот „Чудесниот свет на хералдиката".

Во 2010 година МХЗ ќе организира неколку предавања. Проф. д-р Иван Балта од Филозофскиот факултет во Осијек на тема „Основи на

## LECTURES

The first event of the association was a lecture by André Vocial from France, in April 2004, and the first activity was in May 2005 on the International Museum Day. The Museum of Macedonia hosted a lecture "The Wonderful World of Heraldry" and the first issue of the Macedonian Herald - the MHS gazette was promoted, in which articles were published in Macedonian and English. The next event was a lecture at the Museum of Macedonia in 2007, again on International Museum Day when the second issue of the Macedonian Herald was promoted.

During 2007-8, in cooperation with the Museum of Macedonia, several lectures and workshops on heraldry took place, in coordination of the MHS member Lena Angelkoska. Lectures were held by: Dr. Stoyan Antonov from Plovdiv (Bulgaria), Prof. Dr. Vojislav Ivanisevic from Belgrade (Serbia), Prof. Dr. Nikos Causidis from Skopje, and Prof. Dr. Ivan Balta from Osijek, (Croatia). In addition to the lectures and workshops in the Museum of Macedonia, another ones were organized in cooperation with the student organization Exodus from Skopje.

In 2008, the lectures about heraldry started at the Faculty of Philosophy, Institute of Art History with Archeology, which were held by Dr. Snezhana Filipova, as an optional subject.

The increase of activities was crowned on International Museum Day in 2009 when the permanent exhibition of heraldry in Macedonia at the Museum of Macedonia was opened with a lecture and a promotion of the 3rd issue of the Macedonian Herald. The main advisor in collecting and selecting the material was the President of the MHS, Jovan Jonovski, MTh.

The lectures and workshops on heraldry at the Museum of Macedonia, which are conducted by Jonovski, continued into 2010 and in May the results of all three modules of the lectures and workshops of the project "The Wonderful World of Heraldry" were presented.

In 2010, MHS organized several lectures by Prof. Dr. Ivan Balta, from the Faculty of Philosophy in Osijek, on the topic "Fundaments of Symbolism and Iconography." These lectures

симболиката и иконографијата“, во библиотеката „Браќа Миладиновци“ во Скопје. Во Охрид на 12 октомври во клубот „Има време“ Јоновски одржа основно предавање за хералдиката. Во првата седмица од декември хералдичарот Стојанче Величковски во Подрачното основно училиште „Илинден“ во село Конопница, Крива Паланка одржа предавање за значењето и процесот на креирање на симболите додека учениците имаа можност во воспоставената on-line комуникација да поставуваат прашања во текот на креирањето на симбол на своето одделение. Овој проект, во конкуренција на повеќе од 400 наставници и 137 основни училишта од Република Македонија ја освои првата награда за најиновативни одделенски наставници и училишта.

По повод 20 години од независноста на Република Македонија, во Загреб, на 23.10.2011 година, во организација на Хрватското грбословно и заставословно друштво, хералдот Јован Јоновски ќе одржи предавање на тема: Грбовите на Македонија. На предавањето присуствуваа и македонскиот амбасадор како и претставници од македонската заедница во Хрватска. Престојот во Загреб ќе биде искористен за проучување на илирскиот грбовник на Корениќ Неориќ од 1595 година.

Здружението „Хаемус“ во октомври 2013 година организира предавање на Јоновски, на тема „Грбот на Република Македонија“. На ова предавање тој ја промовира тезата за државниот грб на Република Македонија да се избере некој од грбовите поврзани со Македонија од Европските грбовници, од кои една можност е црвениот лав на златна основа.

Во соработка со „Секој студент“ беше организирано предавање и работилница, на коишто студентите можеа да се запознаат со хералдиката и да ги направат своите први чекори во креирањето грбови. Истата можност ја имаа и децата на работилницата, организирана од „СЕНД Интернешнал“.

## ПРИСУТНОСТ ВО МЕДИУМИТЕ

Присутноста на МХЗ во медиумите практично започнува во 2005 со прес – конференција како реакција на владиниот предлог за употреба на знамиња на националностите. МХЗ излезе со предлог за минимални измени (диференцијација) на знамињата на матичните држави кои ќе

were held in the library “Brothers Miladinovci” in Skopje. In Ohrid, on October 12, Jonovski held a basic lecture on heraldry. In the first week of December, the heraldist Stojanche Velichkovski held a lecture on the meaning and process of creating symbols at the Elementary School “Ilinden” in the village Konopnica, Kriva Palanka. Through established on-line communication, students had the opportunity to ask questions during their process of creating a symbol for their class. This project won the first prize for the most innovative elementary school teachers, in competition of more than 400 teachers and 137 primary schools from the Republic of Macedonia.

In Zagreb, on October 23, 2011, in honor of 20 years of the independence of the Republic of Macedonia, Jonovski held a lecture on the topic: Coat of arms of Macedonia, organized by the Croatian Heraldic and Vexillological Association The Macedonian Ambassador, as well as representatives from the Macedonian community in Croatia, attended the lecture. The stay in Zagreb was used for the study of the Illyrian Korenich Neorich Armorial from 1595.

In October 2013, the association “Haemus” organized a lecture by Jonovski on the topic “Coat of Arms of the Republic of Macedonia”. At this lecture, he promoted the thesis that one of the coats of arms associated with Macedonia from the European Armorials, one of which is Or lion Gules, should be adopted for the Coat of Arms of the Republic of Macedonia.

In cooperation with the student organization “Every student” a lecture and workshop was organized, where students could get acquainted with the heraldry and make their first steps in creating coats of arms. The same opportunity was presented to children at a workshop, organized by “SEND International”.

## PRESENCE IN THE MEDIA

The presence of MHS in the media started in 2005, with a press conference in response to the government’s proposal for the use of flags of the nationalities. MHZ came up with a proposal for minimal changes (differentiation) of the flags of the domicile countries which would show the

ја покажат припадноста на малцинството но и на идентитетот на коносител на сувереноста на Република Македонија. Оттогаш ќе уследат многу написи во весниците и настапи на телевизија во разни информативни и дебатни емисии. Главни актери во држењето на хералдички теми а со тоа и на МХЗ, беа новинарите и членови, Сашо Спасоски и Иван Блажевски од тогашниот дневен весник *Дневник*.

Главна тема е фактот што Република Македонија нема грб (нема закон за грб). Следеа многу написи во дневните весници поврзани со хералдиката воопшто, како и со државниот и општинските грбови. Јоновски гостуваше во неколку емисии на телевизија, зборувајќи за хералдика и особено објаснувајќи го грбот на Македонија, како и Земскиот и денешниот Државен грб.

По отворањето на изложбата *Македонска хералдика* во Музејот на Македонија и предавањето на Јоновски во 2009 година ќе следат неколку гостувања во емисии на домашни и неколку странски телевизии. Заедно со д-р Снежана Филипова ќе биде снимена емисија од Македонската телевизија за хералдиката во Македонија. После ова, Јован Јоновски и МХЗ ќе бидат прифатени како најрелевантни познавачи на хералдиката од страна на медиумите. Ќе бидат реализирани и неколку гостувања во телевизиски и радио емисии. Во 2010 година ќе следат неколку гостувања на ТВ МТМ по повод приемот на МХЗ во Меѓународната конфедерација на генеалошки и хералдички здруженија (CIGH).

Исто така, во „Ноќна програма" на Македонското Радио на 28.02.2011, ќе гостува Стојанче Величковски, при што ќе бидат опфатени темите за хералдиката во Македонија, македонските грбови, месната хералдика, постапката на креирање на лични и семејни грбови, како и актуелните активности на МХЗ.

Во јуни 2016, Коста Стаматовски, го постави регистарот на грбови на веб – страницата на МХЗ. Ќе биде обележан Светскиот ден на хералдиката - 10 јуни, за што имаше прилог на ТВ НОВА и интервју со Стојанче Величковски. Следеа и други медиумски претставувања на кои учествуваа и Петар Гајдов, Иван Нацевски и Јован Јоновски.

belonging of the minority, but also the identity of the bearer of the sovereignty of the Republic of Macedonia. From then on, many articles in the newspapers followed, as well as an appearance on television in various informative and debate shows. The main persons in presenting heraldic themes and thus the MHS in the media were members, Sasho Spasovski and Ivan Blazhevski, who were at that time journalists in the daily newspaper *Dnevnik*.

The main topic was the fact that the Republic of Macedonia has no coat of arms (there is no law on the coat of arms). Many articles followed in the daily newspapers related to the heraldry in general, as well as with the state and municipal arms. Jonovski participated in several shows on television, talking about heraldry and primarily focused on explaining the coat of arms of Macedonia, as well as the Land and the current State Coat of Arms.

In 2009, after the opening of the exhibition Macedonian Heraldry in the Museum of Macedonia and the lectures of Jonovski, several broadcasts occurred to both domestic and international audiences. Together with Dr. Snezhana Filipova, a Macedonian TV documentary was recorded on heraldry in Macedonia. After this, Jonovski and MHS would accepted by the media as the most relevant experts on heraldry. Several TV and radio shows were also realized. In 2010, there were multiple appearances on TV MTM on the occasion of the reception of MHS in the International Confederation of Genealogical and Heraldic Associations (CIGH).

Also, in the "Night Program" of the Macedonian Radio on the 28th of Feb. 2011, Stojanche Velichkovski, was a guest where he covered topics of heraldry in Macedonia, the Macedonian coats of arms, the local heraldry, the procedure of creating personal and family arms, as well as the current activities of MHS.

In June 2016, Kosta Stamatovski set the register of coats on the MHS website. The World Heraldry Day - June 10th was marked for the first time, for which there was an addition to TV NOVA and an interview with Stojanche Velichkovski. Followed by other media presentations attended by Petar Gajdov, Ivan Nacevski and Jovan Jonovski.

## МЕСНА ХЕРАЛДИКА

Прифаќањето на МХЗ како стручно тело во месната хералдика ќе се одвива бавно. Првиот обид датира од 2006 година кога Град Скопје бара да се достави предлог за хералдизација на сегашниот грб на градот Скопје, но без да се менува воопшто концептот на постојниот грб. МХЗ дава два предлога, од кој едниот претставува потполна хералдизација а другиот интервенција од областа на хералдичката уметност. Но не се доби повратна информација.

Во 2007 година МХЗ заедно со авторот и општинската администрација на општина Бутел, се обиде да направи хералдизација на веќе усвоениот предлог за грб. Иако администрацијата покажа спремност да се реши овој проблем за жал Советот на општината сметаше дека е доволно компетентен сам да решава по оваа тема и сите напори останаа без успех. Неофицијално општината сепак го користи грбот со минимални корекции предложени од МХЗ.

Комисија од МХЗ во 2008 година учествува во разгледувањето на трите предлози за грб на општина Крива Паланка кои комисијата за утврдување на грб и знаме на Општината ги одбра од пристигнатите трудови на конкурсот, при што изврши и хералдичка анализа.

Активностите на МХЗ во 2013 година минуваат во знакот на месната хералдика. Најнапред се изработи Македонскиот територијален хералдички систем за грбовите и знамињата на единиците на локалната самоуправа. Потоа беа изработени штит и круни, како и стандарден конкурс, којшто беше понуден на повеќе општини. Новиот систем се примени на грбот на општина Радовиш, којашто доби хералдички грб изработен од членови на МХЗ.

По издавањето на месно – хералдичкиот систем во 2014 година сè повеќе општини го уважуваа и повеќе или помалку се придржуваат кон препораките на истиот при избирањето на своите нови општински симболи.

Дополнително признание за МХЗ беше и поканите на нашите експерти во комисиите за избор на нови општински симболи, во Пробиштип и Кисела Вода, но за жал, мислењата на експертите не беа земени во обсир и тие практично беа исклучени од процесот.

## LOCAL HERALDRY

The acceptance of MHS as an expert body in the local heraldry will be slow. The first attempt dates to 2006, when the City of Skopje sought proposal for the heraldisation of the current coat of arms of the City of Skopje, but without changing the concept of the existing arms at all. MHS provided two propositions – one of which represents complete heraldisation and the other intervention in heraldic art; however, no feedback was received.

In 2007, MHS, along with the author and the municipal administration of the Butel municipality, tried to make a heraldisation of the already adopted proposal for the coat of arms. Although the administration showed willingness to solve this problem, the Council of the municipality felt that it was competent enough itself to decide on this topic and all efforts remained unsuccessful. Unofficially, the municipality still uses the coat with minimal corrections proposed by MHS.

In 2008, MHS delegation participated in the analysis of the three proposals for the coat of arms of the municipality of Kriva Palanka. The Commission for determining the coat of arms and the flag of the municipality chose from the received proposals at the competition. They also conducted a heraldic analysis.

The activities of MHS in 2013 were in the sign of the local heraldry. First, the Macedonian territorial heraldic system for coats of arms and flags of the units of local self-government was developed. Then a shield and crowns were made, as well as a standard competition form, which was offered to several municipalities. The new system was applied to the coat of arms of the municipality of Radovish, which received a heraldic coat of arms made by members of the MHS.

After the issuance of the Macedonian territorial-heraldic system in 2014, more and more municipalities accepted it and, more or less, adhered to its recommendations. In the process they selected their new municipal symbols.

Additional recognition for MHS included the invitation of our experts for the commissions in the selection of new municipal symbols in Probishtip and Kisela Voda. Unfortunately, expert

## СОРАБОТКА СО СТРАНСТВО

МХЗ ја даде целокупната подршка на своите колеги од Бугарија, која резултираше со логистичка подршка за основање на Бугарското Хералдичко и Вексилолошко Друштво 2004 година. На основањето на БХВД беше присутен и претседателот на МХЗ. На сите нивни следни собранија МХЗ учествуваше со барем еден член. Поради блиските односи меѓу двете организации се достигна и до плодна соработка и размена на информации во областа на хералдиката и хералдичкото наследство. Слично се случи и со Хрватското Хералдичко и Вексилолошко Друштво во 2006 година со кое развиваше стручна соработка и пријателски односи.

Тогашната потпретседателката на МХЗ, Снежана Филипова ги посети и Колегијата на грбови (формирана во 1484 година која е организација на хералдите на Англија, а некогаш и на целиот Комонвелт) и Хералдичкото друштво во Лондон, каде оствари нови и ги утврди старите контакти. Во 2012 година и Јоновски ја посети Колегијата на грбови. Таму беше пречекан од Сомерсет хералдот и Портикулус персевантот кои ја прикажаа Рекорд рум, каде се чуваат грбовниците, некои уште од самото формирање. Беше разговарано за интересни детали околу нивната работа кои не можат да се прочитаат во многубројните книги.

Од соседните здруженија, соработка има и со Српското хералдичко друштво „Бел орел" чиј претседател и главен хералд, Драгомир Ацовиќ на саемот на книгата во Белград, во ноември 2008 година го прикажа и своето грандиозно дело, книгата „Хералдиката и Србите", која со своите 800 страници и со преку 2600 илустрации, претставува најсериозен хералдички труд на овие простори и пошироко.

Секретарот на МХЗ, Александар Гижаровски, оствари посета на „Про Хералдика" во Штутгарт и на еден од најистакнатите соработници д-р Ролф Сутер. Исто така, ја посети и хералдичката канцеларија на Литванија, како и Хрватското хералдичко и вексилолошко друштво. А во 2016 година, ја посети и Јапонската вексилолошка асоцијација (JBA) во Токио, каде одржа предавање за состојбите во македонската хералдика.

Во 2016 година се оствари и посета на Лорд Лајон Корт, хералдичкиот суд и највисок

opinions were not taken into consideration and they were practically excluded from the process.

## COOPERATION WITH ABROAD

MHS provided the overall support to its counterparts from Bulgaria, which resulted in logistical support for the establishment of the Bulgarian Heraldry and Vexillology Society, in 2004. The President of MHS was also present at the establishment of the BHVS. During each of their next general assemblies, MHS participated with at least one member. Due to the close relations between the two organizations, a fruitful cooperation and exchange of information in the field of heraldry and heraldic heritage has been achieved. The same happened with the Croatian Heraldic and Vexillological Association in 2006, with which professional cooperation and friendly relations were developed.

The then MHS Vice President Snezhana Filipova also visited the College of Arms (formed in 1484, which is the organization of the heralds of England and sometimes the entire Commonwealth) and the Heraldic Society in London. While there she established new contacts in addition to reestablishing old ones. In 2016, Jonovski visited the College of Arms. There he was welcomed by the Somerset Herald and the Portcullis Pursuivant. Jonovski was shown the Record Room, where the records are stored – some of which date back to the foundation of the organization. Interesting details were discussed about their work that cannot be read in any book.

From the neighboring associations, cooperation exists with the Serbian Heraldic Society "White Eagle." Whose president and chief herald Dragomir Acovic presented his book "Heraldry and the Serbs" at the book fair in Belgrade in November 2008. This grandiose work, which contains over 800 pages and over 2,600 illustrations, is the most serious heraldic work in this region and beyond.

Secretary of MHS, Aleksandar Gizharovski, visited "Pro Heraldica" in Stuttgart and Dr. Rolf Sutter, one of the most prominent contributors. He also visited the Heraldic office of Lithuania and the Croatian Heraldic and Vexillological Society. In 2016, he also visited the Japanese Vexillological Association (JVA) in Tokyo, where

хералдички авторитет на Шкотска, кој е дел од шкотскиот судски систем при што присуствуваше на седница на судот на која се расправаше за неколку хералдички случаи.

## КОНГРЕСИ И КОНФЕРЕНЦИИ

Од 12 до 17 септември 2010 година се одржа XXIX Меѓународен конгрес на генеолошки и хералдички науки во Штутгарт, Германија. На овој конгрес учество зема и МХЗ при што на 14.09.2010, во Штутгарт, на Генералното Собрание на CIGH, претседателот Мишел Тејар д`Ери, го прогласи МХЗ за полноправна членка на CIGH.

Македонското хералдичко здружение беше примено за полноправно членство во ФИАВ (Меѓународната федерација на вексилолошки друштва) на XXIV Меѓународен конгрес по вексилологија, кој се оддржа во Вашингтон, САД од 1 до 5 август 2011 година. По враќањето, следеше настап на хералдот на неколку телевизии, на кои јавноста беше запознаена со овој голем успех за македонската вексилологија.

Делегација на Македонското хералдичко здружение во состав: претседателот Јован Јоновски, секретарот Петар Гајдов, како и членовите Александар Гижароски и Стојанче Величковски, присуствуваше на 1-вата Конференција за европска хералдика и вексилологија што се одржа во Чешин, Полска, 27-29.9.2012 год. Конференцијата беше организирана од Хералдичко-вексилолошкиот институт, чијшто претседател е светски познатиот вексилолог Алфред Знамјеровски. На Конференцијата чијашто тема беше хералдиката и вексилологијата на единиците на локалната самоуправа, учествуваа претставници од десетина земји. Јоновски одржа предавање за месната хералдика во Македонија, за чијашто цел беа класифицирани грбовите на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија. Од особен интерес беше запознавањето со хералдичката и вексилолошката практика на единиците на локалната самоуправа во централна и источна Европа. На конференцијата учествуваа и претставници на државните хералдички тела од Белорусија и Литванија.

Истовремено, во Мастрихт се одржа XXX Меѓународен конгрес за генеалогија и хералдика, каде што МХЗ не беше присутно, но неговиот

he delivered a lecture on the situation of the Macedonian heraldry.

In 2016, Jonovski visited the Lord Lion Court, the Heraldic court, and the highest heraldic authority of Scotland, which is part of the Scottish judicial system. Here, he attended a session of the court to discuss several heraldic cases.

## CONGRESSES AND CONFERENCES

From September 12 to 17, 2010, the XXIX International Congress of Genealogical and Heraldic Science was held in Stuttgart, Germany. MHS was also taking part in this congress, and on the 14th of September 2010 in Stuttgart, the General Assembly of CIGH, President Michel Teyar D'Eri declared MHS a full member of CIGH.

The Macedonian Heraldry Society was accepted for full membership in the FIAV (International Federation of Vexillological Associations) at the XXIV International Congress on Vexillology, held in Washington, USA from the 1st to 5th of August 2011. Upon returning, the Herald appeared on several TV stations, to which the public was made familiar with this great success for Macedonian Vexillology.

A delegation of the Macedonian Heraldry Society, consisting of President Jovan Jonovski, Secretary Petar Gajdov, as well as the members Aleksandar Gizharovski and Stojanche Velichkovski, attended the 1st Conference on European Heraldry and Vexillology held in Cieszyn, Poland, 27-29 September 2012. The conference was organized by the Instytut Heraldyczno -Weksylologiczny, whose president is the world-renowned vexillologist Alfred Znamierowski. At the conference, the topic of which was the heraldry and vexillology of the units of local self-government, representatives of dozens of countries participated. Jonovski held a lecture on the local heraldry in Macedonia, the goal being to classify the coat of arms of the units of local self-government in the Republic of Macedonia. Of particular interest was the acquaintance with the heraldic and vexillological practice of the units of local self-government in Central and Eastern Europe. Representatives of state heraldic bodies from Belarus and Lithuania participated at the conference.

претседател беше примен како придружен член на Меѓународната академија по хералдика.

Претседателот Јован Јоновски беше присустен на следните конгреси – XXXI, што се одржа во Осло. Норвешка (2014) и XXXII, одржан во Глазгов, Шкотска, од 10 до 13 август 2016. На Конгресот со главна тема: „Почетоци и развој“ присуствуваа повеќе од  150 учесници од вкупно 21 земја, од кои 52 беа излагачи. На Конгресот овојпат имаше покането 4 млади доктори или докторанти по хералдика да ги изнесат своите истражувања. Еден од нив беше и Јован Јоновски со предавање со наслов: „Сонцето во територијалната хералдика во Република Македонија“.Така тој стана првиот македонски говорник на највисокиот научен форум за хералдика во светот.

Од 29 септември до 1 октомври 2016 година, во Тбилиси, Грузија, се одржа Првата национална грузиска конференција за вексилологија и хералдика. На Конференцијата учествуваа претставници на хералдички и вексилолошки друштва од повеќе европски земји, како и од САД и Канада и претставници на меѓународни организации. На Конференцијата свои излагања имаа Петар Гајдов, на тема: „Практичната употреба на знамето на Република Македонија и грбот на Град Скопје“ и Стојанче Величковски, на тема: „Новите грб и знаме на Општина Свети Николе“. Конференцијата на учесниците покрај презентирањето им овозможи и да разменат искуства, практични совети, како и да воспостават нови контакти, а, воедно, да ја запознаат и богатата историја на Грузија.

## МАКЕДОНСКИ ХЕРАЛД И ДРУГИ СТАТИИ

Првиот број на Македонски хералд излезе 2005 година со 16 страни умножени на фотокопир, како двојазичник, на македонски и англиски јазик. Првиот тираж беше 100 примероци, но тој многукратно се зголеми во текот на годините. Вториот број излезе во 2007 г. на 16 страници, но во боја и во 200 примероци. Третиот број излезе во 2009 г во боја на 28 страни. Од четвртиот број Македонски хералд почна да излегува редовно секоја година сѐ до бројот 10 во 2016 година, кога вкупно на 304 страни се објавени 74 статии од 19 автори од кои најплодни се: Јован Јоновски

At the same time, XXX International Congress of Genealogy and Heraldry was held in Maastricht. MHS was not present, but its president was accepted as an associate member of the International Heraldry Academy.

President Jovan Jonovski was present at the following congresses - XXXI, held in Oslo. Norway (2014) and XXXII, held in Glasgow, Scotland, from the 10th to 13th of August 2016. The Congress, with the main topic: “Beginning and Development,” was attended by more than 150 participants from 21 countries, 52 of which were lecturers. This time, the Congress invited 4 young doctors or doctoral studies on heraldry to submit their research. One of them was Jovan Jonovski with a lecture titled “The Sun in the Territorial Heraldry of the Republic of Macedonia”. Thus, he became the first Macedonian speaker at the highest scientific forum for heraldry in the world.

From September 29th to October 1st, 2016, the first National Georgian Conference on Vexillology and Heraldry was held in Tbilisi, Georgia. The Conference was attended by representatives of the heraldic and vexillological societies from several European countries, as well as from the United States and Canada, and representatives of international organizations. Petar Gajdov, had presentation on the topic: “Practical use of the flag of the Republic of Macedonia and the coat of arms of the City of Skopje” and Stojanche Velichkovski, on the topic: “The new coat of arms and flag of the Municipality of Sveti Nikole”. In addition to the presentation, a participants’ conference enabled partakers to exchange experiences, practical advice, establish new contacts, and to get to know the rich history of Georgia.

## MACEDONIAN HERALD AND OTHER ARTICLES

The first issue of Macedonian Herald was published in 2005 on 16 pages multiplied on a photocopier, as a bilingual journal, in Macedonian and English. The first circulation contained 100 copies, increasing many times over the years. The second issue came out in 2007 on 16 pages, but in color and in 200 copies. The third issue came out in 2009 in color on 28 pages. From the fourth issue,

со 19 статии, потоа Петар Гајдов со 13, Александар Гижаровски со 11, Иван Нацевски со 9, Трајче Трајков со 4 и Стојанче Величковски со 3 статии.

Покрај бројните написи во дневниот печат и статиите во Македонски хералд, членовите на МХЗ објавуваа и во други списанија. Така Јоновски објавени две статии за хералдиката, во списанието „Културен живот“ и во детското списание „Кладенче“ како и во гласникот на Друштвото на српските грбоносци – „Оцило“, каде го претстави МХЗ, и беше примен како почесен член, при што беше изработена и нова претстава на неговиот грб.

Во текот на септември и октомври 2015, беше промовирана книгата „Симболите на Македонија“ од Јован Јоновски во Скопје и во Загреб, даде беше одржано истоимено предавање. На крајот на 2015 година, во рамките на научна трибина по повод 1000 години од смртта на Гаврил Радомир, во Институтот за национална историја, претседателот на МХЗ, Јован Јоновски, одржа предавање на тема: „Знамињата во 11 век“.

## РЕГИСТАРОТ

Во Регистерот на грбови на МХЗ, кој постои само онлајн, се запишани 34 грба но се издадени само 6 матрикули од кои 3 на членовите на Извршниот одбор. Од регистрираните грбови, на задната корица на Македонски Хералд се прикажани само 18 грбови, од кои и еден кој е повлечен од регистарот.

## ЗЕНИТОТ

Постепено некаде од 2009 г. Јован Јоновски и МХЗ се утврдуваа како експерти во својата област. Јоновски е назначен за член на Комисијата за одликувања на Претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов. Набргу потоа, по барање на претседателот, МХЗ се зафати со дефинирањето на инсигниите на институцијата претседател. Тимот покрај Јоновски, го сочинуваа секретарот Петар Гајдов и Стојанче Величковски. Величковски имаше и неколку интервјуа во пишаните и електронските медиуми за иницијативата за популаризација на македонскиот даб (Quercus Macedonica) за флорален симбол на Македонија. Потоа следуваше и работата на грбот на Македонската православна црква, од страна на Јоновски и Величковски. По објавувањето на иницијативата

the Macedonian Herald began to be published regularly every year until the tenth issue appeared in 2016, when a total of 304 pages were published with 74 articles by 19 authors, of which the most fruitful were: Jovan Jonovski with 19 articles, followed by Petar Gajdov with 13, Aleksandar Gizharovski with 11, Ivan Nacevski with 9, Trajche Trajkov with 4 and Stojanche Velichkovski with 3. In addition to the numerous articles in the daily press and the articles in Macedonian Herald, members of MHS were published in other magazines. Thus, Jonovski published two articles on the heraldry, in the magazine “Cultural life” and in the children’s magazine “Kladenche”, as well as in the messenger of the Association of Serbian Armigers - “Ocilo”, where he presented MHS, and was accepted as an honorary member, a new emblazon of his arms was made.

In September and October 2015, the book “Symbols of Macedonia” by Jovan Jonovski was promoted in Skopje and in Zagreb, where a lecture with the same title was given. At the end of 2015, on a scientific tribune on the occasion of the 1000th anniversary of the death of Gavril Radomir, at the Institute for National History, the President of the MHS, Jovan Jonovski, delivered a lecture on the topic: “Flags in the 11th Century”.

## REGISTER

In the MHZ Register of arms, which appears only online, 34 coats of arms were registered, but only 6 matriculas were issued, of which 3 are to the members of the Executive Board. From the registered coats of arms, only 18 coats of arms are shown on the back cover of Macedonian Herald, one of which is withdrawn from the register.

## ZENITH

Gradually, sometime in 2009 Jovan Jonovski and MHS were identified as experts in their field. Jonovski was appointed as a member of the Commission for decorations of the President of the Republic of Macedonia, Gjorge Ivanov. Shortly thereafter, at the request of the President, MHZ engaged in defining the insignia of the institution president. The team beside Jonovski, was comprised of Petar Gajdov and Stojanche



Последната неофицијална средба на МХЗ, Гајдов, Гижаровски, Мишел Лупан, (претседателот на ФИАВ), Величковски, Јоновски / The Last, unoficial, meeting of MHS, Gajdov, Gizharovski, Michel Lupant (President of FIAV), Velichkovski, Jonovski

за отфрлање на ѕвездата од грбот, следуваа многу написи, интервјуа, коментари, но сепак МХЗ не беше официјално контактирано од надлежните органи во врска со промената на грбот на Република Македонија.

Предавањето во организација на Хаемус во 2013 го привлече вниманието и на Владата која се консултира со Јоновски за можно решение околу грбот на Република Македонија. Во процесот на дефинирање на грбот и негово ликовно-графичко решение главен консултант беше Јоновски, кој заедно со Коста Стаматовски го исцртаа векторскиот облик на грбот базиран на делото на Жером де Бара.

Во 2015 година од печат излезе книгата „Симболите на Македонија" во која Јоновски се занимава со теориска хералдика, вексилологија, фалеристика и химнологија. Дадени се и историскиот развој на грбовите, знамињата, ордените и химната на Македонија. Истата година Јоновски се запишува на докторски студии на Институтот за национална историја со темата „Сонцето и лавот како симболи во хералдиката и вексилологијата на Македонија".

Јоновски учествуваше и во подготовка на материјал за изложбата за 25 години од независноста на Република Македонија во 2016, во организација на Државниот архив на Република Македонија. Исто така, работеше на циклус на 7 документарни емисии за симболите на Македонија, од кои на 3 - за хералдиката, за земските грбови и за орелот и лавот како симболи се јавува како автор. Емисиите се емитувани во 2017 година. Во снимањето на емисиите со свои изјави учествуваа и Иван Нацевски и Коста Ста-

Velichkovski. Velichkovski also had several interviews in written and electronic media about the initiative for the popularization of Macedonian oak (Quercus Macedonica) for the floral symbol of Macedonia. Then the work of the coat of arms of the Macedonian Orthodox Church was followed by Jonovski and Velichkovski. After the announcement of the rejection of the star from the State arms, many articles, interviews, and comments followed, yet MHS was not officially contacted by the competent authorities regarding the change of the coat of arms of the Republic of Macedonia.

The lecture, organized by Haemus in 2013, attracted the attention of the Government that consulted Jonovski for a possible solution on the coat of arms of the Republic of Macedonia. In the process of defining the arms and its visual design, Jonovski was the main consultant, who, together with Kosta Stamatovski, drew the vector image of the arms which was based on the work of Jerome de Bara.

In 2015, the book "Symbols of Macedonia" was published, in which Jonovski deals with theoretical heraldry, vexillology, phaleristics and Hymnology. The historical development of the coats of arms, flags, orders and the anthem of Macedonia is given. That same year, Jonovski enrolled in doctoral studies at the Institute of National History with the theme "The Sun and the Lion as Symbols in Heraldry and Vexillology of Macedonia".

Jonovski also participated in the preparation of material for the exhibition for 25 years since the independence of the Republic of Macedonia in 2016. This was organized by the State Archives of the Republic of Macedonia. Also, he worked on a series of 7 documentary shows on the symbols of Macedonia. Three of which he appears as an author: the Heraldry, the Land coats of arms, and the Eagle and the lion as symbols. Documentaries were broadcasted in 2017. Ivan Nacevski and Kosta Stamatovski participated in the recording of the documentaries. In the Gazette of the Institute for National History,

матовски. Во Гласникот на Институтот за национална историја е објавен текст на Јован Јоновски со наслов: „Сонцето на општинските знамиња во Република Македонија“.

## КРАЈОТ

Во текот на своето работење и развој МХЗ прерасна од здружение на љубители и познавачи во сериозен авторитет од областа. За жал, при изработката на предлози за грб на неколку општини, како и на предлогот за грб на Република Македонија во 2014 година МХЗ ја изгуби својата кохерентност и очигледно беше поделено на многу активни и многу пасивни членови. Тоа предизвика неколку членови да го изгубат интересот за работата на здружението. Како резултат, на крајот на 2015 година не успеа да се избере ново раководство. Ситуацијата остана непроменета следните две години, во кои не се успеа да се одржи годишно собрание, и во дадената ситуација како единствено можно решение беше згаснувањето на здружението што и се случи на 15.7.2018 на 15 годишнината од неговото основање.

## ИЗВРШЕН ОДБОР

Во текот на своето 15 годишно постоење, во извршниот одбор членуваа:

- **д-р Јован Јоновски**, Претседател (2003-2018) - член на комисијата за одликувања на Претседателот на Република Македонија, член на Меѓународната комисија за витешки редови, вонреден член на Меѓународната академија по хералдика.
- **д-р Снежана Филипова**, Потпретседател (2003-2007) - професор на катедрата за историја на уметноста на УКИМ, Скопје.
- **м-р Кирил Трајковски**, Потпретседател (2007-2012) - кустос-советник во Музејот на Македонија.
- **Петар Гајдов**, Секретар (2003-2012), Потпретседател, (2012-2015) - Правник.
- **Александар Гижаровски**, Секретар (2012-2015) - софтверски инженер.

Овој текст е адаптиран од делот *Акивносӣие на МХЗ* од сите 10 број на Македонски Хералд

Jonovski published paper titled, “The Sun of Municipal Flags in the Republic of Macedonia”.

## THE END

During its operation and development, MHS has grown from an association of heraldry lovers and amateurs into a serious authority in the field. Unfortunately, during the work on proposals for the coat of arms of several municipalities, as well as the proposal for coat of arms of the Republic of Macedonia in 2014, the MHS lost its coherence and was divided into very active and very passive members. This caused several members to lose interest in the work of the society. As a result, at the end of 2015, attempt to elect an Executive board failed. The situation remained unchanged for the next two years, in which the annual assembly failed to take place, and in the given situation, the only possible solution was the closing down of the MHS that happened on the 15th of July 2018, on the 15th anniversary of its foundation.

## EXECUTIVE BOARD

During the 15 years of existence, members of the Executive Board were:

- **Dr. Jovan Jonovski**, President (2003-2018) - member of the Commission for decorations of the President of the Republic of Macedonia, member of the International Commission for the Order of the Order, an associate member of the International Academy of Heraldry.
- **Dr. Snezana Filipova**, Vice President (2003-2007) - Professor at the Department of Art History at UKIM, Skopje.
- **Mr. Kiril Trajkovski**, Vice President (2007-2012) - Curator-adviser in the Museum of Macedonia.
- **Petar Gajdov**, Secretary (2003-2012), Vice President, (2012-2015) - Lawyer.
- **Aleksandar Gizharovski**, Secretary (2012-2015) - Software engineer.

This text is adapted from the part *Activities fo MHS* in all 10 issues of Macedonian Herald